Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 7 став 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на денови и време кога се одвива тргувањето на Македонска берза АД Скопје

1. Тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје се одвива во текот на следните денови во неделата: понеделник, вторник, среда, четврток и петок.

2. Тргувањето со хартии од вредност во деновите определени во точка 1 од оваа Одлука се одвива во периодот од 09:00 до 13:00 часот, освен за хартиите од вредност кои што се тргуваат согласно Анекс 2, Анекс 3 и Анекс 4 од Правилата за тргување.

3. Се овластува стручната служба на Берзата врз основа на точка 1 на оваа Одлука, а во согласност со законската регулатива во однос на неработните денови во Република Македонија, да состави календар на сите денови на тргување на Берзата за наредната календарска година, најдоцна до крајот на тековната година.

4. Берзата, најдоцна до почетокот на годината, ги објавува нетрговските денови согласно законските прописи за нетрговски денови и секоја промена на објавените нетрговски денови.

5. Одлуката да се достави до архивата на Берзата, Комисија за хартии од вредност, членките и за истата да се извести јавноста.

6. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**